Употребата на насилство за идеолошки (партиски, верски) цели не е оправдана

Вовед

МЦМС спроведе повеќе истражувања за прашања од општествен интерес, како доверба, општествени вредности и општествена одговорност на граѓаните. Дел од истражувањето за македонските општествени вредности се и ставовите за употреба на насилство, кој се објавува сега, а ставовите за другите вредности ќе бидат објавени подоцна.

Методологија

Прашањата се поставени во рамките на теренска анкета - лице во лице, во домаќинствата во декември 2010 г. на репрезентативен примерок од 1.066 испитаници. Популацискатa рамка на примерокот беше население постаро од 18 години, а критериуми за репрезентативност беа: пол, етничка припадност, возраст, место на живеење и региони.

Теренската анкетата за МЦМС ја спроведе агенцијата Рејтинг од Скопје.


Мирот/ненасилството – прва вредност која најдобро ја претставува Македонија

На прашањето кои вредности најдобро ја претставуваат Македонија, граѓаните за прва вредност го имаат избрано мирот/ ненасилството, пред демократијата и почитта за други култури. Оваа вредност, мир/ ненасилство е и втора најважна лична вредноста, по човековите права.

Тероризмот не е оправдан ниту за една цел

Големо мнозинство граѓани (92,5 %) не го оправдуваат тероризмот за ниту една цел. Не постојат разлики по социо-демографска основа.

Графикон 1. Ставови на граѓаните за оправданост на тероризмот



Употребата на насилство за идеолошки (партиски, верски) цели не е оправдана

Големо мнозинство граѓани (96,4 %) не оправдува употреба на насилство за идеолошки (партиски, верски) цели.

Не постојат разлики по социо-демографска основа. На пример, насилство не одобруваат ниту етничките Македонци (96 %), ниту етничките Албанци (98 %).

Графикон 2. Колку се согласувате дека употребата на насилството за остварување на идеолошки (партиски, религиозни) цели е оправдана?

